Република Македонија
Министерство за финансии

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ К-4-2015

## Р е з и м е

- **БДП** во К-4-2015 во однос на истиот квартал во 2014 година забележа **реален раст** од 3,9%, со што растот на БДП во 2015 година изнесува 3,7%;
- **Бројот на вработени** во К-4-2015 е повисок за 2,8% во однос на истиот квартал од 2014 година. **Бројот на невработени** се намали за 11,9%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** во К-4-2015 на 24,6%;
- **Стапката на инфлација** во К-4-2015, мерена според Индексот на трошоци на живот, забележа пад од 0,4% во однос на истиот квартал 2014 година;
- Просечната **бруто-плата** во К-4-2015 изнесува 32.721 денари и бележи раст од 2,0% на номинална основа, односно раст од 2,4% на реална основа, споредено со бруто-платата во К-4-2014;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-4-2015 се повисоки за 5,8%, а вкупните **буџетски расходи** за 7,1% споредено со истиот квартал на 2014 година;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-4-2015 се зголеми за 4,6% на квартална основа;
- **Кредитната активност** на банките кон недржавниот сектор во К-4-2015 бележи раст од 4,2% на квартално ниво;
- **Македонскиот берзански индекс МБИ-10** во декември 2015 година се зголеми за 7,6% во однос на септември 2015 година. Вкупниот промет остварен на берзата во К-4-2015 регистрираше забрзан раст и истиот се зголеми за 2,3 пати во споредба со претходниот квартал;
- Во К-4-2015 е забележан раст на **извозот** од 6,8% и на **увозот** од 7,9% на годишна основа, со што вкупната **надворешно-трговска размена** изразена во евра забележа раст од 7,5%;

# 1. Макроекономски трендови и реален сектор

БДП во К-4-2015 во однос на истиот квартал од 2014 година забележа реален раст од 3,9%, со што растот на БДП во 2015 година изнесува 3,7%[1]. Номиналниот раст на БДП во 2015 година изнесува 6,6%, а БДП дефлаторот 2,8%.

Графикон 1.1. Реална стапка на раст на БДП; Извор: ДЗС




Анализирано според **производната страна на БДП**, во К-4-2015 економскиот раст потекнува главно од градежништвото, каде што е забележан висок раст на активноста од 33,7%, кој соодветствува со зголемената реализација на буџетските капитални расходи. Растот на услужниот сектор во К-4-2015 изнесува 3,4%. Во рамки на услугите, најголем придонес кон растот на економската активност има секторот Трговија, транспорт и угостителство, каде што е забележан раст од 8,5%, следен од секторите: Финансиски и дејности на осигурување (14,9%), Стручни, научни, технички и административни дејности (14,3%), Информации и комуникации (3,6%) и Дејности во врска со недвижен имот (1,9%). Пад забележаа секторите Јавна управа и одбрана, образование и здравство (3,7%) и Уметност, забава, рекреација и останати услужни дејности (22,1%). Индустриското производство во К-4-2015 забележа раст од 1,9%, во услови на раст на преработувачката индустрија, а земјоделството забележа раст од 1,2%.

Растот на **индустријата** во К-4-2015, согласно месечните податоци за индустриското производство, изнесува 11,7% и се должи на остварените позитивни движења кај: преработка на дрво и производи од дрво и плута (160,2%), производство на моторни возила (67,1%), производство на тутунски производи (31,1%), производство на фабрикувани метални производи (25,8%), производство на машини и уреди (25,7%), производство на текстил (22,3%), производство на прехранбени производи (21,7%), производство на облека (21,6%), вадење јаглен и лигнит (19,3%), производство на хартија и производи од хартија (18,3%), производство на пијалаци (17,8%), производство на производи од гума и пластични маси (17,6%), вадење други руди и камен (14,6%), производство на мебел (11,9%),

[1] Државниот завод за статистика истовремено направи ревизија на стапките на реален раст на БДП за претходните три квартали. Така, растот на БДП за К1 е ревидиран на 3,8% од 3,5% претходно, за К2 е ревидиран на 3,4% од 3,3% претходно, а за К3 е ревидиран на 3,6% од 3,5% претходно.

производство на метали (8,8%), производство на хемикалии и хемиски производи (8,4%), производство на други неметални минерални производи (4,1%), производство на кожа (2,3%) и производство на основни фармацевтски производи и препарати (0,3%). Оттука, позитивен годишен раст е регистриран кај 19 гранки, кои сочинуваат 77,5% од индустриското производство.

Пад е остварен кај[2]: поправка и инсталирање машини и опрема (56,5%), производство на останата опрема за транспорт (17,2%), вадење руди на метал (13,0%), производство на електрична опрема (10,7%), снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (7,9%), печатење и продукција на снимени медиуми (6,8%) и останата производствена индустрија (9,4%).

Анализирано според **расходната страна на БДП**, во К-4-2015 економскиот раст се должи на домашната побарувачка. Бруто инвестициите забележаа реален раст од 5,5%, во услови на зголемена активност во градежништвото, раст на увозот на капитални добра, како и поинтензивен раст на долгорочните кредити на претпријатијата. Потрошувачката забележа реален раст од 4,8%, како резултат на растот и на приватната и на јавната потрошувачка. Приватната потрошувачка забележа раст од 3,6%, којшто се должи, пред сѐ, на растот на расположливиот доход на домаќинствата, во услови на раст на вработеноста и платите, а растот на јавната потрошувачка изнесува 9,7%. Извозот на стоки и услуги забележа раст од 4,1% на реална основа, главно како резултат на растот на извозот на капацитетите во слободните економски зони, во услови на поволни движења на надворешната побарувачка. Увозот на стоки и услуги забележа повисок раст од извозот, кој изнесува 8,3% на реална основа, со што нето-извозот има негативен придонес кон економскиот раст.

Позитивните движења на **пазарот на трудот** продолжија и во К-4-2015. Според Анкетата на работна сила, бројот на вработени е повисок за 2,8% во однос на истиот квартал 2014 година. Растот на вработеноста е придружен со пад на бројот на невработени, кој на годишна основа е намален за 11,9%. Бројот на активно население забележа пад од 1,2%. Ваквите движења на

Графикон 1.2. Број на вработени и стапка на невработеност; Извор: ДЗС




[2] Во гранката Производство на кокс и рафинирани нафтени производи не е реализирано производство, односно индексот изнесува нула.

пазарот на работна сила предизвикаа стапката на невработеност во К-4-2015 да се намали на 24,6%, односно за 3,0 процентни поени (п.п.) споредено со истиот квартал претходната година, а во однос на претходниот квартал таа е пониска за 0,9 п.п.. Стапката на вработеност во К-4-2015 изнесува 42,7% и во однос на истиот квартал 2014 година е повисока за 1,2 п.п.. Активното население претставува 56,6% од вкупното работоспособно население и е намалено за 0,8 п.п. во споредба со истиот квартал 2014 година.

## 2. Цени, трошоци и продуктивност

**Инфлацијата**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-4-2015 забележа пад од 0,4% во однос на истиот квартал 2014 година, по падот од 0,2% забележан во претходниот квартал. Падот на потрошувачките цени во К-4-2015 е резултат на намалените цени во категориите: Транспорт од 7,9%, Комуникации од 4,1% и Храна и безалкохолни пијалаци од 0,6%. Највисок раст на цените во К-4-2015 е регистриран во категоријата Алкохолни пијалаци и тутун од 5,2%, следен од категориите: Рекреација и култура од 3,1%, Здравје од 2,7%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнината од 2,3%, Ресторани и хотели од 1,5%, Облека и обувки од 0,5%, Домување, вода, електрика, гас и други горива и Останати стоки и услуги од по 0,4% и Образование од 0,3%.



Графикон 2.1. Годишна стапка на инфлација; Извор: ДЗС

**Цените на мало** во К-4-2015 споредено со истиот квартал 2014 година забележаа намалување од 0,8%, по падот од 1,1% забележан во претходниот квартал. Падот на цените на мало во овој период се должи на намалените цени на стоките од 1,6%, додека цените на услугите се зголемија за 0,3% на годишна основа. Во рамки на категоријата Стоки, падот на цените на индустриските производи изнесува 1,5%, а на земјоделските производи 1,9%. Намалените цени на индустриските производи се резултат на пониските цени на непрехранбените индустриски производи од 3,3%, а кај останатите групи производи е забележано зголемување на цените. Така, малопродажната цена на тутунот е повисока за 7,2%, на пијалаците за 0,9%, а на прехранбените индустриски производи за 0,5%.

Просечната месечна **нето-плата** во К-4-2015 изнесува 22.301 денар и е за 1,8% повисока на номинална основа споредено со истиот квартал 2014 година. На

реална основа, нето-платата регистрира зголемување од 2,2%. Просечната месечна бруто-плата изнесува 32.721 денар и бележи раст од 2,0% на номинална основа, односно раст од 2,4% на реална основа, споредено со К-4-2014.

Графикон 2.2. Стапка на номинален и реален раст на бруто плата (к/к-4); Извор: ДЗС




Продуктивноста на трудот во К-4-2015 е зголемена за 1,0%, како резултат на повисокиот раст на економската активност од растот на бројот на вработени во економијата, со што продолжува трендот на позитивен раст на продуктивноста.

## 3. Фискален сектор

Во четвртиот квартал од 2015 година беше забележано повисоко остварување на вкупните буџетски приходи за 5,8% во однос на истиот квартал од 2014 година, придружено со зголемување на буџетските расходи за 7,1%. Ова придонесе дефицитот на Буџетот во К-4-2015 да изнесува 5.551 милион денари или 3,9% од реализираниот БДП за овој квартал (дефицитот на Централниот буџет изнесуваше 4.511 милион денари, односно 3,1% од кварталниот БДП).

Вкупните буџетски приходи забележаа учество од 30,5% од реализираниот квартален БДП и се повисоки за 5,8% споредено со истиот квартал 2014 година, што најмногу се должи на повисокото остварување на неданочните приходи за 18,7%, повисоките придонеси за 7,6%, додека даночните приходи забележаа речиси иста реализација односно незначително намалување од 0,1%. Притоа, кај даночните приходи беше забележана повисока наплата кај акцизите, персоналниот данок, данокот на добивка и царинските давачки, додека кај данокот на додадена вредност и приходите од други даноци беше реализирана пониска наплата.

Приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 46,2% од вкупните даночни приходи и во К-4-2015 се пониски за 11,0% споредено со истиот квартал 2014 година. Во структурата на данокот на додадена вредност најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата.

Приходите од акцизи се повисоки за 5,1% споредено со истиот квартал 2014 година. Во рамки на директните даноци, кај персоналниот данок на доход е забележано зголемување од 4,7%, додека приходите од данокот на добивка се повисоки за 65,4%

во однос на истиот квартал претходната година, при што треба да се има предвид дека приходот за овој данок главно е резултат на данокот наплатен по основ на даночни биланси, по месечни аконтации и по исплатена дивиденда и друга распределба од добивката.

Гледано од аспект на структурното учество во БДП, директните даноци, на годишна основа, го зголемија своето учество во БДП за 0,7 п.п. (4,4% од кварталниот БДП), додека кај индиректните даноци беше забележано помало остварување на учеството во БДП за 1,1 п.п., односно учество од 12,2% од БДП во К-4-2015.

Графикон 3.1. Буџетски приходи и расходи во К-4-2015;
Извор: МФ




Индиректните даноци во четвртиот квартал од 2015 година забележуваат намалување од 5,6%, додека директните даноци зголемување од 21,9% во однос на К-4-2014.

Наплатата на социјалните придонеси беше повисока за 7,6%, при што зголемување на наплатата беше забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување од 7,5%, кај придонесите за здравствено осигурување од 7,6% и кај придонесите за вработување од 8,0%. Неданочните приходи, кои претставуваа 2,4% од кварталниот БДП, беа реализирани за 18,7% повеќе во однос на истиот квартал во 2014 година.

Капиталните приходи, во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди, во К-4-2015 беа пониски за 4,5% на годишна основа. Споредено со К-4-2014, приходите по основ на донации од странство се повисоки за 69,6%.

Во К-4-2015 вкупните **буџетски расходи**, со учество од 34,4% во кварталниот БДП, забележаа раст од 7,1% споредено со истиот квартал 2014 година. Тековните расходи, кои претставуваа 29,3% од кварталниот БДП, забележаа учество од 85,2% во вкупните расходи и беа реализирани за 5,0% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги беа реализирани за 16,2% повеќе, а кај расходите за плати и надоместоци беше забележано зголемување од 6,9% во однос на истиот квартал во 2014 година. Средствата за трансфери, кои учествуваа со 59,0% во вкупните расходи, беа реализирани за 3,4% повеќе во споредба со истиот квартал 2014 година. Социјалните трансфери забележаа раст

од 4,0% и учествуваа со 43,4% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 8,6% и учествуваат со 26,5% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 14,4%, односно забележаа намалување од 1,9% споредено со истиот квартал во 2014 година. Блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа намалување од 4,2%, додека субвенциите и трансферите беа реализирани за 6,1% повеќе.

Расходите за каматни плаќања беа намалени за 6,4% на годишна основа, при што расходите по камати на домашен долг забележаа намалување од 8,2%, а каматните расходи за странскиот долг се намалени за 5,0%.

Капиталните расходи кои претставуваа 5,1% од кварталниот БДП, се повисоки за 21,2% споредено со истиот квартал во 2014 година и оствариja учество од 14,8% во вкупните расходи.

Графикон 3.2. Државен долг и негова структура; Извор: МФ




Вкупниот **државен долг** на крајот на К-4-2015 изнесуваше 38,0% од БДП и забележа зголемување на своето учество во БДП за 2,4 п.п. во однос на К-3-2015. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг, во однос на К-3-2015, беше намалено за 0,2 п.п. и изнесуваше 60,7% од вкупниот државен долг. Учеството на внатрешниот долг беше зголемено на 39,3% од вкупниот државен долг.

## 4. Монетарно-финансиски движења

Во четвртиот квартал 2015 година, НБРМ ја задржа основната каматна стапка непроменета на нивото од 3,25%, со оглед на отсуство на позначителни промени во амбиентот на спроведување на монетарната политика. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена во декември 2015 година изнесуваше 0,5% и во споредба со претходниот квартал остана непроменета.

Примарните пари[3] во К-4-2015 регистрираа раст на квартална основа од 1,4% (во претходниот квартал беше регистриран раст од 4,5%), како резултат на зголемувањето на готовите пари во оптек од 8,5%, додека вкупната ликвидност на банките регистрираше пад од 5,4%. Во однос на К-4-2014, примарните пари се зголемија за 0,6% (наспроти растот од 7,4% во К-3-2015), во услови на раст на готовите пари во оптек од 13,8% и пад на вкупната ликвидност на банките од 10,7%.

Во текот на четвртиот квартал од 2015 година најтесната парична маса М1 забележа зголемување од 11,2% во однос на К-3-2015. Монетарниот агрегат М2 забележа раст од 5,6%, додека најширокиот монетарен агрегат М4 се зголеми за 4,5%.

Графикон 4.1. Кредити и кредитен раст и М4; Извор: НБРМ




Вкупниот депозитен потенцијал[4] на банките во К-4-2015 се зголеми за 4,6% на квартална основа, во споредба со претходниот квартал кога депозитниот потенцијал се зголеми за 0,6%. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата се зголемија за 13,1%, додека депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 2,3%. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал денарските депозити и девизните депозити се зголемија за 5,9% и 2,8%, соодветно. Степенот на евроизација е намален за 0,7 п.п. во споредба со претходниот квартал, односно на 40,3%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-4-2015, споредено со претходниот квартал, се намали и изнесува 26,7% (во К-3-2015 изнесуваше 27,6%). Долгорочните депозити во однос на К-3-2015 се зголемија за 1,2%, а краткорочните депозити во анализираниот период регистрираа раст од 2,2%.

Кредитната активност на банките кон недржавниот сектор во К-4-2015 бележи раст од 4,2% (наспроти растот од 1,2% во претходниот квартал), во услови на раст на кредитите кон домаќинствата и кредитите кон приватните претпријатија од по 2,5% и 5,5%, соодветно. Од валутен аспект, денарските кредити и кредитите во

[3] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[4] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

странска валута во К-4-2015, споредено со претходниот квартал, се зголемија за 4,7% и 2,7%, соодветно. Според рочноста, долгорочните кредити во К-4-2015 во однос на претходниот квартал бележат раст од 4,4%, а краткорочните кредити се зголемија за 8%.

Каматната стапка[5] на денарските кредити во К-4-2015 изнесува 6,9% и е намалена за 0,1 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-4-2015 изнесува 5,8% и е непроменета во однос на претходниот квартал. Каматната стапка на денарските депозити во К-4-2015 изнесува 2,6% и е намалена за 0,1 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните депозити, исто така, регистрираше намалување од 0,1 п.п. и изнесува 1,1%.

Графикон 4.2. Каматни стапки (КС) на депозитни банки во К-4-2015; Извор: НБРМ




Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-4-2015 изнесува 6,1%, а каматната стапка на новоодобрените девизни кредити 5,3%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 1,9% и 1,3% соодветно.

На пазарот на капитал во К-4-2015 се забележа забрзан раст на вкупниот промет на берзата, односно истиот се зголеми за 2,3 пати во споредба со претходниот квартал, што се должи на зголемениот промет од блок трансакциите за 8,8 пати како и на растот на класичното тргување за 46,5%. Исто така, се зголеми и јавната понуда на берзански аукции за 45,5% во споредба со претходниот квартал.

Графикон 4.3. Вкупен промет на берза и МБИ 10; Извор: Македонска берза




Во однос на истиот квартал претходната година, вкупниот промет

[5] Започнувајќи од јануари 2015 година, НБРМ ја промени методологијата на пресметување на каматните стапки, кои произлегуваат од целосното приспособување кон европските стандарди.

забележа пад од 83,2%, во услови на намалување на прометот од класичното тргување и прометот од блок трансакциите за 25,3% и 39,9%, соодветно.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10, како агрегатен показател на берзанските движења, на крајот на четвртиот квартал изнесуваше 1.833,26 индексни поени, што претставува раст од 7,6% во однос на септември 2015 година, додека во однос на декември 2014 година индексот е понизок за 0,6%.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешно-трговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, во К-4-2015 вкупната надворешно-трговска размена со странство изнесува 2.647,6 милиони евра и бележи раст од 7,5% во однос на истиот квартал 2014 година.

Графикон 5.1. Надворешно трговска размена; Извор: ДЗС




Во К-4-2015 **извозот** на стоки изнесува 1.054,4 милиони евра и во однос на К-4-2014 е забележан раст од 6,8%, а во однос на претходниот квартал раст од 2,2%.

Анализирано по **сектори на СМТК** (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во извозот во К-4-2015 во однос на истиот квартал 2014 година се забележуваат кај:

- машини и транспортни уреди за 21,5% (во чии рамки раст забележаа категориите: индустриски машини и делови за 20,8% или 19,9 милиони евра; електрични машини, апарати и делови за 17,4% или 16,7 милиони евра и друмски возила за 35,9% или 9,3 милиони евра);
- хемиски производи за 11,8% (хемиски материи и производи за 13,2% или 24,4 милиони евра);
- производи за храна за 16,0% (овошје и зеленчук за 37,4% или 15,3 милиони евра);
- разни готови производи за 5,5% (мебел и негови делови, постелнина, душеци, перници и слични полнети производи за 42,1% или 9,8 милиони евра).

Од друга страна, негативни движења во извозот се забележуваат кај:

- o производи класирани по материјалот за 7,3% (железо и челик за 18,8% или 24,0 милиони евра);
- o суровини освен гориво за 16,3% (метална руда и отпадоци од метал за 26,1% или 10,7 милиони евра);
- o минерални горива и мазива за 39,2% (нафта и производи од нафта за 31,3% или 4,3 милиони евра и електрична енергија за 73,0% или 3,5 милиони евра);
- o пијалаци и тутун за 3,3% (пијалаци за 27,3% или 5,4 милиони евра).

Во К-4-2015, гледано по **економска намена**, најголемо учество во извозот има категоријата стоки за индустриски набавки (45,1%), по која следуваат: стоки за широка потрошувачка (17,7%), производи за инвестиции без транспортна опрема (14,7%), транспортна опрема (10,8%), храна и пијалаци (10,6%) и горива и мазива (1,1%).

**Увозот на стоки** во К-4-2015 изнесува 1.593,2 милиона евра и е зголемен за 7,9% во однос на К-4-2014 година, а во однос на претходниот квартал за 14,3%.

Анализирано по **сектори на СМТК**, најголемо позитивно придвижување на увозот во К-4-2015 во однос на К-4-2014 се забележува кај:

- o машини и транспортни уреди за 15,9% (при што зголемување има кај категориите: електрични машини, апарати и делови за 29,2% или 25,0 милиони евра; индустриски машини и делови за 28,4% или 12,6 милиони евра и друмски возила за 13,4% или 8,0 милиони евра);
- o производи класирани по материјалот за 9,4% (изработки од неметални минерали за 50,4% или 25,6 милиони евра);
- o хемиски производи за 9,1% (хемиски материи и производи за 52,0% или 12,7 милиони евра и пластични материи во примарни форми за 42,8% или 7,9 милиони евра);
- o производи за храна за 7,5% (жита и преработки од жита за 32,4% или 6,6 милиони евра и кафе, чај, какао, зачини и производи од истите за 12,4% или 2,3 милиони евра);
- o разни готови производи за 21,4% (облека за 26,5% или 4,2 милиона евра; монтажни згради, санитарни уреди за 47,9% или 2,9 милиони евра и мебел и негови делови, постелнина, душеци, перници и слични полнети производи за 22,1% или 2,3 милиони евра).

Најголемо негативно придвижување на увозот се забележува кај:

- o минерални горива и мазива за 15,6% (нафта и производи од нафта за 19,5% или 23,1 милион евра);

o суровини освен гориво за 2,9% (метална руда и отпадоци од метал за 19,6% или 4,8 милиони евра);

o пијалаци и тутун за 5,9% (тутун и производи од тутун за 27,7% или 2,5 милиони евра).

Гледано по **економска намена,** во К-4-2015 најголемо учество во увозот има категоријата стоки за индустриски набавки (48,5%), по која следуваат: производи за инвестиции без транспортна опрема (14,6%), храна и пијалаци (10,8%), стоки за широка потрошувачка (10,7%), горива и мазива (9,1%) и транспортна опрема (6,2%).

Во К-4-2015, надворешно-трговската размена на Македонија со Европската унија (ЕУ 28) е зголемена за 23,2% во однос на К-4-2014, при што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена се зголемило за 1,2 п.п. во однос на четвртиот квартал во 2014 година и изнесува 68,2%. Притоа, извозот на стоки учествува со 78,0%, а увозот на стоки со 61,5%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-4-2015
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС




Како резултат на структурните промени во размената со странство, во К-4-2015 71,4% од трговскиот дефицит на земјата е последица на дефицитот во размената со Велика Британија, Кина, Грција и Србија, а остатокот од дефицитот е последица на размената со: Турција, Италија, Јужна Африка, Бугарија, Австрија и други. Суфицит во размената е остварен со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Босна и Херцеговина.

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народна банка на Република Македонија, во К-4-2015 на **тековната сметка** на платниот биланс е регистриран дефицит од 129,6 милиони евра, што претставува 5,6% од БДП[6], наспроти суфицитот од 0,2% од БДП забележан истиот квартал 2014 година.

[6] Во пресметката е користен БДП за четвртиот квартал на 2015 година, објавен од Државниот завод за статистика.

Анализирано на годишна основа, салдото на тековната сметка во К-4-2015 е влошено за 133,6 милиони евра, што се должи на намалениот суфицит на сметката на услуги за 54,0%, намалениот суфицит на сметката на секундарен доход за 1,7%, зголемениот дефицит на сметката на примарен доход за 54,0% и зголемениот дефицит на трговската сметка за 11,8%.

Графикон 5.3. Салдо на тековна сметка; Извор: НБРМ




Во К-4-2015, во услови на поголемо апсолутно зголемување на увозот од извозот на стоки, **трговскиот дефицит** на годишно ниво забележа проширување за 56,9 милиони евра и изнесува 23,2% од кварталниот БДП.

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-4-2015 изнесува 41,6 милиони евра и во однос на истиот квартал 2014 година е намален за 48,9 милиони евра, во услови на поголемо апсолутно зголемување на увозот од извозот на услуги.

**Трговската отвореност** на Република Македонија во К-4-2015, во однос на истиот квартал во 2014 година е зголемена за 8,2 п.п. и изнесува 121,9% од кварталниот БДП.

Сметката на **примарен доход** во К-4-2015 забележа дефицит од 58,2 милиони евра и на годишно ниво забележа продлабочување за 20,4 милиони евра.

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-4-2015 изнесува 427,1 милион евра и е намален за 7,4 милиони евра на годишно ниво. Падот се должи на намалувањето на доходот од секторот Држава за 25,4 милиони евра, кој во сметката на секундарен доход учествува со 5,2%, додека доходот од секторот Финансиски претпријатија, нефинансиски претпријатија, домаќинства и

Графикон 5.4. Тековна сметка; Извор: НБРМ



непрофитни институции, коишто им служат на домаќинствата[7] е зголемен за 18,0 милиони евра, а учествува со 94,8% во сметката на секундарен доход.

Салдото на **капиталната сметка** во К-4-2015 изнесува 1,0 милион евра и во однос на истиот квартал 2014 година е намалено за 3,3 милиони евра, што во најголем дел се должи на намалениот прилив на капитални трансфери.

**Нето-задолжувањето** на земјата во четвртиот квартал од 2015 година изнесува 128,6 милиони евра и на годишно ниво е зголемено за 136,9 милиони евра.

**Директните инвестиции** во земјата во К-4-2015 изнесуваат 38,9 милиони евра и во однос на К-4-2014 се намалени за 24,0% или за 12,3 милиони евра, како резултат на намалувањето на сопственичкиот капитал. Од друга страна, зголемен е приливот по основ на должнички инструменти и реинвестирана добивка.

**Портфолио инвестициите** во К-4-2015 се негативни и изнесуваат 94,4 милиони евра.

**Останатите инвестиции** во К-4-2015 се, исто така, негативни, во износ од 68,2 милиона евра, наспроти позитивното салдо од 72,6 милиони евра во истиот квартал 2014 година. Во рамки на категоријата останати инвестиции, валутите и депозитите изнесуваат 64,2 милиона евра, заемите бележат негативно салдо од 29,7 милиони евра, како и салдото на сметката трговски кредити кое изнесува -102,7 милиони евра.

**Девизните резерви** на крајот од четвртиот квартал од 2015 година изнесуваат 2.261,8 милиони евра, што претставува пад од 7,2% во однос на истиот квартал на 2014 година.

[7] Во сметката на Секундарен доход спаѓаат доходите од секторите 1. Држава и 2. Финансиски претпријатија, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата, во кои се вклучени 2.1/Личните трансфери (тековни трансфери помеѓу резидентни и нерезидентни домаќинства) и 2.2/Останати тековни трансфери.